# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 6 ЈУЛИ 2026 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Илинден, Јули 2026 година**

**Илинден**
**Арх.бр.10-1569/8**
**Од 03.07.2026 год.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Правилник за доделување на еднократна финансиска помош на спортисти жители на Општина Илинден**

Се објавува Правилник за доделување на еднократна финансиска помош на спортисти жители на Општина Илинден, бр. 08-1500/3 од 30.06.2026 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 9 (девета) редовна седница одржана на ден 30.06.2026 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1569/1**
**Од 03.07.2026 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002 ) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на општина Илинден ("Службен гласник на општина Илинден бр.15/10) и Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Илинден арх.бр.07-1138/5 од 29.04.2022 година, Советот на Општина Илинден на 9-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за доделување на еднократна финансиска поддршка**
**на спортисти жители на Општина Илинден**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува, видот и висината на еднократната финансиска поддршка, критериуми врз основа на кои се определува категоријата на финансиска поддршка, потребни услови за стекнување на еднократна финансиска поддршка,постапка за добивање и работата на комисија за селекција и избор на апликанти за еднократната финансиска поддршка за спортисти**.**

## ВИДОВИ НА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

**Член 2**

Во општина Илинден спортист може да оствари право на еднократна финансиска поддршка и тоа:

- прва категорија во висина до 150.000,00 денари,
- втора категорија во висина до 130.000,00 денари,
- трета категорија во висина до 100.000,00 денари;
- четврта категорија во висина до 80.000,00 денари;
- петта категорија во висина до 40.000,00 денари;

Правото од ставот 1 на овој член го има спортист жител на општина Илинден кој се натпреварува на олимписки игри, светско првенство, европско првенство, балканско првенство и национално првенство без оглед на возраста на спортистот во сите категории.

Правото од ставот 1 на овој член го има и спортист жител на општина Илинден кој постигнал спортски резултати натпреварувајќи во екипни спортови како член на спортски клуб односно национална репрезентација.

## КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ

**Член 3**

Правото на еднократна финансиска поддршка од член 2 став 1 алинеја 1 на овој правилник може да го оствари спортист кој се натпреварувал на олимписки игри и постигнал еден од следниве резултати:

- За освоено прво место еднократна финансиска поддршка во висина од 150.000,00 денари;
- За освоено второ место еднократна финансиска поддршка во висина од 130.000,00 денари;

- За освоено трето место еднократна финансиска поддршка во висина од 120.000,00 денари;

Воедно за учество на олимписки игри на спортист жител на општина Илинден ќе се исплати еднократна финансиска поддршка во висина од 70.000,00 денари.

**Член 4**

Правото на еднократна финансиска поддршка од член 2 став 1 алинеја 2 на овој правилник може да го оствари спортист кој се натпреварувал на светско првенство, според годишниот календар на натпревари на дадената светска федерација и постигнал еден од следниве резултати:

- За освоено прво место еднократна финансиска поддршка во висина од 130.000,00 денари;
- За освоено второ место еднократна финансиска поддршка во висина од 120.000,00 денари;
- За освоено трето место еднократна финансиска поддршка во висина од 100.000,00 денари;

**Член 5**

Правото на еднократна финансиска поддршка од член 2 став 1 алинеја 3 на овој правилник може да го оствари спортист кој се натпреварувал на европско првенство според годишниот календар на натпревари на дадената европска федерација и постигнал еден од следниве резултати:

- За освоено прво место еднократна финансиска поддршка во висина од 100.000,00 денари;
- За освоено второ место еднократна финансиска поддршка во висина од 80.000,00 денари;
- За освоено трето место еднократна финансиска поддршка во висина од 70.000,00 денари;

**Член 6**

Правото на еднократна финансиска поддршка од член 2 став 1 алинеја 4 на овој правилник може да го оствари спортист кој се натпреварувал на балканско првенство според годишниот календар на натпревари на дадената балканска федерација и постигнал еден од следниве резултати:

- За освоено прво место еднократна финансиска поддршка во висина од 80.000,00 денари;
- За освоено второ место еднократна финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари;
- За освоено трето место еднократна финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари;

**Член 7**

Правото на еднократна финансиска поддршка од член 2 став 1 алинеја 5 на овој правилник може да го оствари спортист кој се натпреварувал на национално ниво според годишниот календар на натпревари на дадената национална федерација и постигнал еден од следниве резултати:

-За освоено прво место еднократна финансиска поддршка во висина од 40.000,00 денари;
- За освоено второ место еднократна финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари;
- За освоено трето место еднократна финансиска поддршка во висина од 20.000,00 денари;
За постигнати резултати на национално првенство во не сениорска конкуренција еднократната финансиска поддршка изнесува 50 проценти од износот од став 1 на овој член.
Во случај да еден спортист во текот на една година освои повеќе места од членовите 3,4, 5 и 6 ќе му се исплати само еднократна финансиска помош за највисокото рангирано место.

**Член 8**

Правото на еднократна финансиска поддршка од член 2 на овој правилник, за спортски достигнувања од членовите 3, 4, 5, 6 и 7 од овој правилник, може да оствари спортист кој е :
- државјанин на Република Македонија;
- жител на општина Илинден и е со постојана адреса на живеење во оштината;
- активен спортист и член на регистриран спортски клуб согласно со закон;
- има спортски постигнувања во екипни или индивидуални спортови во тековната или годината пред објавување на повикот;

**Член 9**

За остварување на правото од член 2 на овој правилник, за спортски достигнувања од од членовите 3, 4, 5, 6 и 7 од овој правилник спортистот поднесува барање до општината кон кое приложува:
- потврда од спортскиот клуб дека е член на клуб;
- докази за постигнати спортските резултати за наведениот период во јавниот повик;
- годишен план на натпревари од соодветната федерација
- копија лична карта;
- копија од трансакциска сметка и
- извештај за постигнати резултати (меѓународни, домашни) издаден од матичната федереација на спортистот
- За спортисти до 18 години кон барањето од став 1 овој член се доставува и согласност потпишана од родител односно старател.

**ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

**Член 10**

Општина Илинден на својата ВЕБ страна ќе распише и објави Јавен повик за поднесување на барање за добивање на еднократна финансиска помош за спортски достигнувања.
Јавниот повик задолжително содржи:
- назив и адреса на органот кој го распишува;
- видот и висината на еднократната финансиска поддршка;
- критериуми и услови за стекнување;
- доказ за исполнување на условите;
- начинот на пријавување на Јавниот повик;
- времетраење на Јавниот повик.

**Член 11**

Барањето и потребните докази од член 8 на овој правилник се доставува до архивата на општината во рокот наведен во Јавниот повик.
Доказната документација се доставува во затворен плик со назначување на бројот на Јавниот повик.
Доказната документација за постигнатите спортски достигнувања се доставува во оригинален примерок кој се враќа на подносителот по спроведување на постапката за остварување на правото на еднократна финансиска помош за спортски достигнувања.
Доколку еден спортист исполнува услови да оствари право на еднократна финансиска поддршка за две или повеќе категории ќе му се исплати правото од категоријата која е поповолна.

**Член 12**

Пристигнатите барања од член 9 на овој правилник ги разгледува Комисија без присуство на заинтересираните спортисти.
Ненавремено и некомплетно барање Комисијата не ги разгледува и ќе се смета дека истото не е поднесено.

## КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА СПОРТИСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА

**Член 13**

Постапката за селекција и избор на спортисти кои ќе остварат право еднократна финансиска помош за спортски достигнувања, ја спроведува Комисија за селекција и избор на спортисти за остварување на право еднократна финансиска помош за спортски достигнувања (Во понатамошниот текст:Комисијата).
Комисијата со Решение ја формира Градоначалникот.
Комисијата е составена од пет члена од кој двајца од редот на вработените во општината и тројца истакнати спортски работници.
Членовите на Комисијата избираат претседател на комсијата.

**Член 14**

Комисијата е надлежна:
- да ги разгледа пристигнатите барања;
- да ги разгледа доказите приложени кон барањето;
- да изврши избор на кандидатите кои ги исполнуваат условите за остварување на правото еднократна финансиска поддршка;
- да изработи и достави Извештај до градоначалникот за кандидатите кој ги исполнуваат условите.

**Член 15**

Комисијата работи на седница која ја свикува и со кои раководи претседателот на Комисијата и се грижи за правилно и законско работење на истата.
За текот на седницата Комисијата води записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.
Комисијата одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 16**

Комисијата од член 13 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Илинден ќе ја формира во рок од 60 дена од стапувањето во сила овој правилник.

**Член 17**

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за доделување на еднократна финансиска поддршка на спортисти жители на Општина Илинден арх.бр.08-1240/10 од 27.04.2023 година.

**Член 18**

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Илинден“.

Број: 08-1500/3
од 30.06.2026 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
ПРЕТСЕДАТЕЛ
м-р Светлана Слезенковска с.р.

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Кадино со разработка на блок 2, 3, 12, 16, 17, 19 Општина Илинден (Плански период 2025-2035)**

Се објавува Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Кадино со разработка на блок 2, 3, 12, 16, 17,19 Општина Илинден (Плански период 2025-2035), бр.08-1500/4 од 30.06.2026 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 9 (девета) редовна седница одржана на ден 30.06.2026 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1569/2**
**Од 03.07.2026 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 28 став (7) и став (8) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М. бр.32/20, 111/23, 174/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), член 22 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Сл.весник на Р.С.М. бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Илинден на 9-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за донесување на Изменување и дополнување на Блок 3**
**од Урбанистички план за село Кадино со разработка на блок 2, 3, 12, 16, 17, 19, Општина Илинден (Плански период 2025-2035)**

Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Изменување и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, 3, 12, 16, 17, 19, Општина Илинден (Плански период 2025-2035).

(2) Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, 3, 12, 16, 17, 19, Општина Илинден (Плански период 2025-2035), со тех.бр.0801-04-02/25 од 04.2026 година, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Битола ги почитува одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М. бр.32/20, 111/23, 174/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М. бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

(3) Вкупната површина на Изменување и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, 3, 12, 16, 17, 19, Општина Илинден (Плански период 2025-2035), изнесува 6.31 ха.

Член 2

Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, 3, 12, 16, 17, 19, Општина Илинден (Плански период 2025-2035) задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, а истата се објавува и на веб страната на донесувачот на планот.

Член 3

Донесениот урбанистички план не може да се применува пред да се исполнат условите од Член 2 од оваа Одлука, како и предходно извршено дигитално преклопување од страна на Агенција за катастар на недвижности.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.08-1500/4
Дата:30.06.2026 година
Илинден

СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Претседател,
**м-р Светлана Слезенковска с.р.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“ , Општина Илинден**

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“,Општина Илинден, бр.08-1500/5 од 30.06.2026 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 9 (девета) редовна седница одржана на ден 30.06.2026 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1569/3**
**Од 03.07.2026 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 20 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.12/09), Советот на општина Илинден на 9-та седницата одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“, Општина Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“, Општина Илинден, бр.02-63/4 од 16.06.2026 година, усвоен од Управен одбор со Одлука бр.02-63/5 од 16.06.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р.**

**Архивски број:08-1500/5**
**Датум на донесување: 30.06.2026г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“, Илинден**

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“, Илинден, бр. 08-1500/6 од 30.06.2026 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 9 (девета) редовна седница одржана на ден 30.06.2026 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1569/4**
**Од 03.07.2026 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Илинден („Сл.гласник на општина Илинден“ бр.15/10 и бр.4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.12/09), Советот на општина Илинден на 9-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“, Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2027 година на Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“, Илинден, бр.02-62/1 од 09.06.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р.**

**Архивски број:08-1500/6**
**Датум на донесување: 30.06.2026г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање на согласност на Критериуми за прием на деца во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден**

Се објавува Одлука за давање на согласност на Критериуми за прием на деца во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден,бр. 08-1500/7 од 30.06.2026 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 9 (девета) редовна седница одржана на ден 30.06.2026 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1569/5**
**Од 03.07.2026 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 60 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.12/09), Советот на општина Илинден на 9-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Критериуми за прием на деца во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Критериуми за прием на деца во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден, донесена од Управен одбор под бр.02-63/7 од 16.06.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р.**

**Архивски број:08-1500/7**
**Датум на донесување: 30.06.2026г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлука за формирање и утврдување на состав на Комисија за прием на деца во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Општина Илинден**

Се објавува Одлука за давање на согласност на Одлука за формирање и утврдување на состав на Комисија за прием на деца во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Општина Илинден,бр.08-1500/8 од 30.06.2026 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 9 (девета) редовна седница одржана на ден 30.06.2026 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1569/6**
**Од 03.07.2026 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 60 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.12/09), Советот на општина Илинден на 9-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлука за формирање и утврдување на состав на Комисијата за прием на деца во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Општина Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлука за формирање и утврдување на состав на Комисијата за прием на деца во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Општина Илинден, донесена од Управен одбор под бр.02-63/9 од 16.06.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р.**

**Архивски број:08-1500/8**
**Датум на донесување: 30.06.2026г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлука за утврдување на поголем број деца од законски утврдениот број во групите во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден**

Се објавува Одлука за давање на согласност на Одлука за утврдување на поголем број деца од законски утврдениот број во групите во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден, бр.08-1500/9 од 30.06.2026 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 9 (девета) редовна седница одржана на ден 30.06.2026 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1569/7**
**Од 03.07.2026 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 64 став 5 од Законот за заштита на децата децата („Службен весник на РМ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.12/09), Советот на општина Илинден на 9-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлука за утврдување на поголем број деца од законски утврдениот број во групите во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на поголем број деца од законски утврдениот број во групите во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден, донесена од Управен одбор под бр.02-63/8 од 16.06.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р.**

**Архивски број:08-1500/9**
**Датум на донесување: 30.06.2026г.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 64 став 5 од Законот за заштита на децата децата („Службен весник на РМ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден („Сл.гласник на Општина Илинден“ бр.12/09), Советот на општина Илинден на 9-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлука за утврдување на поголем број деца од законски утврдениот број во групите во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на поголем број деца од законски утврдениот број во групите во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден, донесена од Управен одбор под бр.02-63/8 од 16.06.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р.**

**Архивски број:08-1500/9**
**Датум на донесување: 30.06.2026г.**

## СОДРЖИНА


1. Правилник за доделување на еднократна финансиска помош на спортисти жители на Општина Илинден,со Решение за објава
2. Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Кадино со разработка на блок 2, 3, 12, 16, 17, 19 Општина Илинден (Плански период 2025-2035) ,со Решение за објава
3. Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев ,Општина Илинден,со Решение за објава
4. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“, Илинден,со Решение за објава
5. Одлука за давање на согласност на Критериуми за прием на деца во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден,со Решение за објава
6. Одлука за давање на согласност на Одлука за формирање и утврдување на состав на Комисија за прием на деца во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Општина Илинден,со Решение за објава
7. Одлука за давање на согласност на Одлука за утврдување на поголем број деца од законски утврдениот број во групите во Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ Илинден,со Решение за објава